РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-5476/1
18.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Сите ТВ и радио сервиси;

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

**Предмет: Потсетување за одредбите од Изборниот законик што важат во периодот на изборната кампања**

Почитувани,

Од 22 декември 2025 година, со почетокот на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на Општина Врапчиште, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа, закажани за 11 јануари 2026 година, почнуваат да се применуваат одредбите од Изборниот законик што важат за овој период од изборниот процес. Деталите за овие обврски можете да ги најдете во Изборниот законик, во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси и во двете упатства - Упатството за радиодифузерите за Повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на Општина Врапчиште, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа и Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, кои се достапни на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер насловен ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2026.

Ве потсетуваме дека за време на изборната кампања:

• Радиодифузерите што одлучиле да го покриваат изборниот процес се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Во текот на изборната кампања, радиодифузерите се должни на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање. Дополнително, Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии кои ќе објавуваат платено политичко рекламирање се должни, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, да обезбедат информирање за изборниот процес со формат и јазик пристапен за лицата со попреченост, користејќи знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за пристапност. Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување (член 75).

• Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес за избор на градоначалник на општината, во сите облици на изборно медиумско претставување, почитувајќи го принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборниот процес ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања (член 75-а).

• Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект (член 75-б).

• Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања за време на изборниот процес. Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишувањето до завршување на изборите (член 75-в).

Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите. На барање од Агенцијата, радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето да ѝ доставаат снимки од бараната емитувана програма, како и други и податоци поврзани со медиумското известување за изборниот процес (член 75-г).

• Забрането е да се емитуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други правни лица со јавни овластувања, освен рекламите на ДИК (член 75-д).

• Радиодифузерите треба да ги почитуваат лимитите за платено политичко рекламирање (ППР) од член 75-ѓ, а распределбата на времето да ја вршат согласно Упатството за радиодифузерите за Повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на Општина Врапчиште, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа.

• Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање" и јасно одвоено од другите содржини на медиумите, при што нарачателот ќе биде јасно означен. Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање. ППР не смее да се емитува во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани, а посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање. Кампањите на ДИК за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори не се сметаат за ППР (член 76).

• Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди непристрасно информирање и рамноправен пристап во информативната програма согласно принципите утврдени во член 76-а. Исто така, тој треба да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборната кампања и да организира дебатни емисии со нив.

• Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборната кампања се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање (најдоцна на 6 јануари до 24:00 часот за првиот, односно најдоцна на 20 јануари до 24:00 часот за вториот изборен круг). При нивното објавување, задолжително треба да се наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето (член 77).

• Радиодифузерите и нивните поврзани лица не смеат на каков било начин да финансираат или да даваат донации на учесници во изборната кампања (член 75).

• Радиодифузерите се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Извештајот се поднесува до Министерството за финансии, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, и тоа најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања, пополнет на образец пропишан од министерот за финансии (член 85-а).

За обврските околу потврдувањето на извештаите за реализирани услуги, врз основа на кои ДИК треба да ви ги надомести трошоците за емитувано ППР, како и за тоа кои медиуми ќе треба да праќаат снимки во Агенцијата, ќе ве известиме во посебен допис.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**